# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
## KOMPENSAN ®/ КОМПЕНСАН® 300 mg таблети
## (дихидроксиалуминиум натриум карбонат)

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
Овој лек се издава без рецепт. И покрај тоа, треба да го употребувате претпазливо за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Компенсан и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Компенсан
3. Како да се употребува Компенсан
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Компенсан
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА КОМПЕНСАН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Компенсан е препарат од групата антациди коишто се употребуваат за неутрализирање на прекумерната желудочна киселина и за намалување на проблемите (горуштица, епигастрична болка и желудечни тегоби) предизвикани од зголемена секреција на желудочна киселина. Тој дејствува брзо и неговите ефекти траат 2-3 часа.
Компенсан таблетите се употребувате за намалување на симптомите при:
- зголемена секреција на желудочна киселина;
- чир на желудникот или на дванаесетпалечното црево.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ КОМПЕНСАН

**Немојте да употребувате Компенсан ако:**
- сте имале алергиска реакција на која било состојка на препаратот;
- имате бубрежно заболување;
- имате хипофосфатемија (абнормални ниски вредност на фосфати во крвта);
- имате запек;
- имате стеноза (абнормално стеснување) на дебелото црево.

**Бидете особено претпазливи со Компенсан ако:**
- имате недефинирани стомачни болки;
- неодамна сте имале крвавење од горниот дел на системот за варење;
- имате проблеми со бубрезите;
- имате срцева болест;
- имате шеќерна болест (дијабет);
- имате Алцхајмерова болест (дури и ако постои сомнеж).

Ако имате чир на желудникот или на дуоденумот треба да се пристапи кон тестирање за *Helicobacter pylori* и во позитивните случаи да се преземе некоја од прифатените терапии за отстранување на бактеријата.
Ако треба да се употреби антацид кај деца, неопходно е претходно да се консултирате со доктор.
Веднаш известете го Вашиот доктор или побарајте медицинска помош ако почувствувате:
- прекумерна слабост или умор;
- силна стомачна болка.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*

Истовремената употреба на антациди што содржат алуминиум со други лекови може да ја промени апсорпцијата на другите лекови. Ова е особено важно ако ги употребувате следниве антимикробни лекови: тетрациклини или хинолонски деривати, како што се ципрофлоксацин и офлоксацин.
За да не дојде до нарушување на апсорпцијата, обично, Компенсанот и другиот лек треба да се земаат во временски интервал од еден до два часа.

**Земање Компенсан со храна и со пијалак**
Истовремената употреба на Компенсан со пијалаци што содржат киселини (овошни сокови, вино итн.) или со шумливи таблети што содржат лимонска или винска киселина предизвикува зголемена апсорпција на алуминиум.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт пред земање каков било лек.*
За време на бременоста лекот треба да се користи само краткотрајно за да се избегне алуминиумско оптоварување на детето.
Алуминиумските соединенија се излачуваат со мајчиното млеко. Се претпоставува дека не постои ризик за новороденчињата, бидејќи многу мало количество се апсорбира.

**Возење и управување со машини**
Компенсан не влијае врз способноста за возење автомобил или управување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Компенсан**
Овој лек содржи содржи приближно 2,08 mmol (47,89 g) натриум по таблета. Ова треба да се земе предвид кај пациентите кај коишто е контролирано внесувањето на натриум.
Фамосан содржи сахароза. Ако Вашиот доктор Ве известил дека не неподнесувате некои шеќери, разговарајте со него пред да го земете овој лек.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА КОМПЕНСАН

*Секогаш земајте Компенсан точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни, консултирајте се со својот доктор или фармацевт.*

Таблетите треба да се шмукаат, а не да се проголтуваат. Не треба ниту да се раствораат во вода.
Препорачана е дневна доза од 1 до 2 таблети, меѓу оброците, пред спиење или при

појава на симптоми.
Се препорачува таблетите да се земаат 1-2 часа по оброците или пред спиење.
Ако непријатните симптоми не се повлечат најдоцна за 2 недели, треба повторно да се јавите на доктор.

**Ако сте земале поголема доза Компенсан отколку што треба**
Ако сте земале поголема доза, отколку што треба, побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да земете Компенсан**
Земете ја следната доза што поскоро и продолжете како што Ви е препишано. Доколку се ближи времето за следната доза, земете ја само неа. Не земајте две дози за да ја надоместите пропуштената.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Компенсан може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Може да дојде до појава на запек, особено по високи дози. Во изолирани случаи забележана е појава на илеус предизвикан од алуминиум хидроксидот.

Предходно бубрежното оштетување или продолжената употреба на високи дози, може да доведе до појава на алуминиумски депозити, главно, во нервното и коскеното ткиво, како и до хипофосфатемија (абнормални ниски вредност на фосфати во крвта).

*Ако кој било несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА КОМПЕНСАН

Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Лекот да се чува на температура под 25°C.
Не употребувајте Компенсан по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Компенсан**

- Активна супстанција: дихидроксиалуминиум натриум карбонат.

Една таблета содржи 340 mg дихидроксиалуминиум натриум карбонат хидрат, што е еквивалентно на 300 mg дихидроксиалуминиум натриум карбонат.

- Помошни состојки: магнезиум стеарат, сахароза, калциум карбонат, трагакант, арома спеармит течна 5058 BA и арома пепермит прашкаста 80 033P.

**Изглед на лекот Компенсан и содржина на пакувањето**

Компенсан 300 mg таблетите се тркалезни, бело-кремави, рамни таблети со пресечна линија на едната страна.

Компенсан 300 mg таблетите се спакувани во Al/PVC блистери. Секој блистер содржи 10 таблети. Картонската кутија содржи 20 таблети (2 блистера) и упатство за пациентот.

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**

АЛКАЛОИД АД - Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000; факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk
По лиценца на Pfizer Corporation

**Датум на последната ревизија на упатството**
**Август 2009 година**